Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**П Р И Л О Г**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК НА ЖРТВИ ОД КРИВИЧНО ДЕЛО СО НАСИЛСТВО |
| Одговорно лице и контакт информации: | Никола Прокопенко, државен советник<br>контакт: nprokopenko@mjustice.gov.mk<br>Славица Жерајиќ, раководител на одделение<br>szerajic@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒Друго __<br>- Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со акциски план<br>- Национална стратегија за борба против тероризам |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | - Директива 2004/80/ЕЗ на Советот од 29 април 2004 година за надоместок на жртвите на кривично дело<br>- Директива 2011/36/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2011 за превенција, борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите<br>- Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 25 октомври 2012 година за воспоставување минимум стандарди на правата, поддршката и заштитата на жртвите од кривичните дела |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 25.11.2019 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Декември 2019 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | Декември 2019 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2019 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Во Стратегијата за реформа на правосудниот систем за периодот 2017-2022 година, во одделот реформи во посебни области кои се однесуваат на казнено правната област определена е стратешката насока 5.1.3 Компензација на жртвите од кривични дела што ќе се овозможи преку стратешката мерка изготвување на закон и спроведување на активности за негово донесување и примена. Исто така, во Националната стратегија на РСМ за броба против тероризам заедно со акцискиот план предвидена е компензација на жртвите од овие кривични дела.

Имено, заради активно учество и имплементирање на меѓународните стандарди и инструменти за современ кривично-правен систем, пристапивме кон воспоставување на стандарди за жртвите од кривични дела со насилство. Правото на надоместок од државата е дефинирано и лимитирано. Меѓународните стандарди и стандардите на Европската унија го ограничуваат правото на надоместок од државата само за кривичните дела кои предизвикуваат сериозни тешки повреди и кривични дела со насилство.

Од друга страна, членките на Советот на Европа се политички обврзани од препораките на Советот на министри, како на пример, со препораката Rec(2006) 8 за помош на жртвите од кривични дела и детално го уредуваат ова право и дополнителните прашања.

Основна разлика меѓу механизмите за надоместок на жртвите од кривично дело со насилство е дали надоместокот се исплатува на лицето од страна на државата или од лицето што го сторило кривичното дело.

Во однос на надоместокот исплатен од страна на државата за жртви од насилни кривични дела, воспоставен во неколку земји, како на пример Франција, Романија, Велика Британија и други, државите основале фонд од кој на жртвата се исплатува гарантиран надоместок (за итна исплата), со оглед на долгото траење на постапката за наплата на надоместок од страна на сторителот или неможност да се наплати. Кај овие држави, не е неопходно да се лоцира или идентификува специфичниот сторител, туку само се поврзува кривичното дело и последицата кон жртвата што настанала. Доволно е жртвата да го пријави случајот во полиција или обвинителството и за тоа да добие потврда, што е побрза, поедноставна и помалку бирократска постапка отколку жртвата да побарува надоместок во граѓанска постапка или да чека правосилност на одлуките во кривичната постапка.

Исто така, тука мора да се нагласи и прашањето за жртвата низ правниот систем, кога таа дополнително пред надлежните органи мора да помине низ повторувачки дејствија со кои се доведува до загрозувачка состојба за повторна траума што може да доведе до таканаречена „секундарна виктимизација" на жртвата.

При изготвувањето на овој закон посебно беа земени предвид меѓународните стандарди во оваа област и тоа:

- Директивата на Советот 2004/80/ЕЗ од 2004 за надоместок на жртвите на кривично дело,
- Директивата 2011/36/ ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2011 година за превенција, борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите и
- Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2012 година за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од кривични дела,
- Препораката Rec (2006) 8 на Комитетот на министри на Советот на Европа до државите членки за помош на жртвите од криминал.

Појдовна точка при изготвувањето на законот беа компаративните искуства од повеќе држави, на пример Холандија, Шведска и Велика Британија. За подготовка на подобро законско решение беше ангажиран меѓународен експерт од Холандија кој со своето долгогодишно искуство во оваа област

даваше сугестии и насоки во однос на запазување на меѓународните стандарди. Најискусните земји кои во оваа област се со развиен систем повеќе од 50 години се Шведска, Холандија и Велика Британија.

Посебен акцент беше ставен и на државите од регионот од причина што со нив имаме слични правни системи и во оваа област тие се чекор понапред со оглед дека нивните закони ги изготвувале во рамките на процесот за пристапување кон Европската унија.

Особено внимание при изготвувањето на Законот беше посветено и на неколкуте анализи за постојната состојба за оваа област во Република Северна Македонија, и тоа:

- Анализа на правото на компензација и усвоените политики за компензација за жртвите од трговија со луѓе во Македонија, издадена во 2014 година од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе – Отворена порта – Ла Страда/ Македонија,
- Анализа за обесштетувањето на жртвите на насилнички криминал во Република Македонија, издадена во 2016 година од Отворена порта – Ла Страда/ Македонија и
- Анализа за обесштетувањето на жртвите на трговија со луѓе во Република Македонија.

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Причина за донесување на овој закон произлегува од потребата за усогласување со меѓународните стандарди и член 53 став 3 точката 2 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), каде што е пропишано дека во согласност со посебните прописи жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, меѓу другото, има право на надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд под услови и на начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на овој закон е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство како помош од страна на државата за нивното страдање согласно начелото на социјална солидарност и да се спречи можна секундарна виктимизација како дополнително страдање што жртвите можат да го претрпат од односот на надлежните органи во правниот систем и општествениот живот.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Доколку Владата на Република Македонија не го усвои предлогот на овој закон, нема да постои правна рамка за да може да се воспостави право на ефективен и ефикасен лек за надоместок на жртви од кривични дела со насилство, со што ќе останеме една од ретките земји во регионот и светот кои не ги воспоставиле меѓународните и европските стандарди за ова посебно право.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Владата на Република Северна Македонија да го разгледа и усвои понуденото решение во предлог Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, во кое се дадени повеќе регулаторни и нерегулаторни мерки.
Опција 1 – измена на законот за кривична постапка. Оваа регулаторна мерка се оцени како несоодветна, обемна и без очекуваниот ефект.

Опција 2 – донесување на нов закон заедно со подзаконски акти како регулаторна мерка, и нерегулаторни мерки - определување на активности со цел спроведување и примена на законот.
Оваа опција работната група ја оцени за најповолна, со оглед на ефикасноста и ефективноста на постапката за воспоставување и остварување на право на надоместок, определена во овој Предлог.
Опција 3 – нерегулаторни мерки-формирање на комисија и спроведување на активности. Оваа опција не е можна од причина што оваа проблематика ја спроведуваат повеќе државни органи за кои треба да се осигура законска надлежност, односно потребно е донесување на регулаторна мерка.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

4.2 Фискални влијанија

Да, посебен фонд наменет за жртви од кривично дело со насилство од Буџетот на Република Сверна Македонија.

4.3 Социјални влијанија

Со опцијата 2 се овозможува општествена и социјална сигурност и солидарност за жртвите од кривични дела со насилство, заштита на ранливите групи и обесправените и заштита и унапредување на човековите права и родовата еднаквост.

4.4 Влијанија врз животната средина – Не.

4.5 Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување
Обезбедување на просторни и услови за работа, надоместок на членовите на Комисијата и секретарот, надоместок за жртвите од кривични дела со насилство

б) трошоци за почитување на регулативата

За спроведување на овој закон ќе бидат потреби средства за работа на Комисијата и средства за исплата на жртвите што детално се елаборирани во формуларот за фискални импликации.

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Формирана е меѓуресорска работна група со претставници од повеќе институции: Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, невладини организации дел од граѓанскиот сектор, Ла страда, Здружение на млади правници, Блупринт група, Европската унија, ОБСЕ, Совет на Европа, меѓународен експерт ангажиран од Совет на Европа, а во работата на работната група учествуваа и претставници од неколку амбасади.

Почетни материјали беа наведените директиви и анализи, беа одржани неколку состаноци и консултации, размена на материјали и искуства. Известувањето и нацрт-законот беше објавен на ЕНЕР.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Во предлог законот беше вградено мислењето и забелешките од холандскиот меѓународен експерт со долгогодишно искуство од оваа област, ангажиран од Советот на Европа.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

1. Доколку не се донесе ова законско решение ќе остане досегашната пракса за случаи на неможност да се оствари правото на надоместок во долги и сложени кривични или граѓански и извршни постапки.
2. Ова решение е брзо, ги задоволува минималните стандарди, □ дава на жртвата одредено признание од општеството за тоа што □ се случило без нејзина волја и вина. Се овозможува солидарната компонента.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

При спроведување и примена на решенијата од предлог законот од големо значење е навремено постапување на институциите во однос на формирањето на Комисијата и улогата на Комисијата која е главен носител на дејствијата во законот, заедно со другите надлежни органи (Министерството за внатрешни работи, јавното обвинителство, судовите и центрите за социјална работа).
Довербата во Комисијата и соработката меѓу органите мора да биде на врвно и експедитивно ниво. Жртвата и целото општество мора да верува во овој систем, а за тоа мора да биде правилно информирана уште при првиот контакт со било кој орган од наведените, контакт точка или граѓанска организација.

Од овие причини обуката за Комисијата која може да биде во форма на посета на земја со добро развиен систем и проучување на материјалите достапни на интернет е од есенцијално значење.

Понатаму, значајно ќе биде изготвувањето на информативни материјали кои ќе се дисеминираат до сите заинтересирани страни во процесот за да се овозможи подобра имплементација на законското решение.

Особено полезни ќе бидат соодветни специјализирани обуки согласно програмата за обука во Академијата за судии и јавни обвинители, Адвокатската комора и во другите институции со кои ќе се обезбеди правилна примена на законот и остварување на целта за социјална солидарност на оштеството за жртвата да го оствари правото на паричен надоместок преку кратка и брза постапка.

6.3 Препорачано решение со образложение

Законот е структуриран во **десет глави и содржи 64 члена**.
Во **Првата глава** се уредени основните одредби на законот: во **членот 1** е дефиниран предметот на уредување на законот, со **членот 2 се** наброени начелата врз кои се заснова законот и освен добро познатите начела за законитост, правичност, јавност, економичност и постапување во разумен рок, посебен акцент е ставен на начелата посебно специфични и во корелација со одредбите од овој закон, а тоа се: начела на **општествената солидарност, забраната за дискриминација и секундарната виктимизација**. Во однос на забраната за дискриминација која е уредена во **членот 3**, би требало да се истакне дека таа се врзува со дискриминаторските основи утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова е направено од причина што при промена на некоја од дискриминаторските

основи од Законот за спречување и заштита од дискриминација нема да биде потребно да се менува овој закон.

Начелото за спречување на секундарната виктимизација на жртвата е уредено во **членот 4** од овој закон и е издигнато на ниво на **основна цел** при спроведувањето на мерките и активностите на надлежните органи предвидени со овој закон. Ова е направено од причина што во одредени случаи секундарната виктимизација може да биде предизвикана од надлежните органи во постапката за остварување на право на надоместок согласно одредбите од овој закон. Тоа особено може да се случи со користење сугестивни прашања, несоодветно известување во медиумите и слично. На ова прашање посебно внимание треба да биде посветено во фазата на спроведувањето на законот. Клучна институција во овој процес би требало да биде Академијата за судии и јавни обвинители преку организирање на обуки чија цел би била да спречи жртвата покрај директните последици од кривичното дело, да не биде изложена и на дополнителни последици заради несоодветно постапување на надлежните органи.

**Членот 5** од законот е од техничка природа и се однесува на користењето на изразите во него. Имено, иако одредени изрази кои се користат во законот се во машки или во женски род, вообичаено и сосем природно е на ист начин да се однесуваат на двете категории.

Во овој закон детално е уредена постапката за остварувањето на правото на надоместок на жртвата. Централна улога во овој процес има Комисијата за надоместок на жртви од кривично дело со насилство. За прашањата од постапката кои не се уредени со овој закон (како делови со посебни специфики), соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, предвидено со **член 6** од законот.

**Во главата II** се определуваат условите за остварување на правото на паричен надоместок на жртвите. **Со членот 7** се определува територијалниот принцип на примена на законот и основот за остварување на ова право - директна последица предизвикана од кривичното дело со насилство сторено кон жртвата за предвидени кривични дела од членот 9 од Законот. Членот 7 е во согласност со членот 116 од Кривичниот законик: „за последици од кривично дело согласно овој закон сторено спрема непосредна жртва на територија на Република Македонија, на домашен брод, без оглед каде се наоѓа бродот во времето на извршувањето на делото или во домашен цивилен водзухоплов додека е во лет или во домашен воен воздухоплов без оглед каде се наоѓал воздухопловот во време на извршувањето на делото.", односно при исполнување на условите не е битно каде се наоѓала жртвата во времето на извршувањето на кривичното дело. Со **членот 8** се проширува кругот на жртвите кои можат да остварат право. Така, освен државјаните на Република Северна Македонија, правото може да го остварат странски државјанин со престој врз основа на реципроцитет или меѓународен договор, жртва без државјанство или жртва без регулиран граѓански престој која во време на извршувањето на кривилното дело престојувала на територија на Република Северна Македонија, односно жртви од трговија со луѓе, согласно член 7 од овој закон.

**Членот 9** точно ги определува кривичните дела со насилство за кои може да оствари правото на паричен надоместок: Под кривично дело со насилство во смисла на овој закон се смета кривичното дело сторено со умисла, и тоа:

- кривично дело сторено со примена на физичка сила, со други дејствија со кои се нарушува психичкиот интегритет или повреда на половиот интегритет;
- кривични дела од член 418 „Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос", член 418-а „Трговија со луѓе" и член 418-г „Трговија со дете";
- кривични дела против половата слобода и половиот морал, или
- кривично дело со кое со општоопасно дејствие или средство се доведува во опасност животот или имотот на лицето, што предизвикало смрт или тешки телесни повреди или тешко нарушување на физичкото или психичкото здравје на едно или повеќе лица, а е пропишано во Кривичниот законик како квалификаторен облик на основниот облик на кривичното дело извршено со умисла.

**Членот 10** го определува поимите на жртва на кривично дело со насилство која може да биде непосредна и посредна. Посебните дефиниции за овие категории се мошне значајни затоа што од класификацијата во која група припаѓа жртвата зависи остварувањето на секое одделно право предвидено со овој закон (така на пример, одредено право од овој закон може да оствари само непосредната жртва, додека пак одредено право може да оствари само посредната жртва).

Непосредна жртва согласно **членот 11** е лице кај кое настапила смрт или претрпело тешки телесни повреди или тешко нарушување на физичкото или психичкото здравје директно предизвикани како

последица од стореното кривично дело со насилство, или лице со наведените последици кое не учествувало во извршување на кривично дело со насилство а кривичното дело било насочено кон друго лице, или лице со наведените последици во следниве случаи: кога се обидувало да спречи извршување на кривично дело со насилство, пружало помош на жртвата или помагало на полицијата при лишувањето од слобода на извршител на кривично дело со насилство. Со **членот 12** се определува поимот и кругот на лица кои се стекнуваат со право на паричен надомсеток во својство на посредна жртва, доколку настапи смрт на непосредната жртва.

Основен предуслов за остварување на правото на надоместок е кривичното дело да е евидентирано или пријавено во полиција или во јавното обвинителство. За остварување на правата на жртвата, **со членот 13** од законот се пропишува обврска за полицијата или јавното обвинителство да и издадат соодветна потврда на жртвата дека делото е пријавено или евидентирано како кривично дело. Заради унифицирање на овој документ предвидено е министерот за правда со подзаконски акт да ја утврди содржината на потврдата.

Во практиката се можни случаи кога против одреден сторител на кривично дело не е можно да се води кривична постапка поради фактички или правни пречки. На пример, сторителот на кривичното дело да е амнестиран или помилуван, да настапила застареност на кривичното гонење, да не е достапен на органите на прогонот или пак, да се работи за непознат сторител. Овие случаи не би смееле да претставуваат пречка за жртвата да го оствари своето право на надоместок. Токму затоа сиве овие случаи се уредени со **членот 14** од законот, кои не влијаат на правото на паричен надоместок.

Во **членот 15** се пропишани два исклучока кога жртвата не може да оствари право на надоместок согласно одредбите од овој закон. Првиот случај се однесува на штетата која е последица од кривично дело против безбедноста во сообраќајот од членовите 297, 298, 299, 300, 301, 303 или 304 од Кривичниот законик. Вториот исклучок се однесува на лицето кое има право на надоместок на штета предизвикана од терористички акти согласно Законот за облигационите односи. Имено, ова лице правото на надоместок го остварува согласно со одредбите од Законот за облигационите односи, а не согласно овој закон.

Сржта на законот е содржана во **главата III** каде што детално се уредени сите видови на надоместок кои жртвите како право можат да ги остварат. **Во однос на овие одредби значајно е да се истакне дека законот е мошне екстензивен и тоа како во видовите на надоместок кои жртвата има право да ги надомести, така и во висината на пропишаните надоместоци**.

Имено, видовите на надоместоците се утврдени во **членот 16** и се однесуваат на остварување на надоместоци за материјална и нематеријална штета. За материјална штета се следните:

- надоместок на трошоци за здравствена заштита и медицински помагала,
- надоместок за изгубена заработувачка,
- надоместок за трошоци за погреб, и
- надоместок за изгубена издршка.

За нематеријална штета жртвата има право на паричен надоместок за претрпената душевна или физичка болка, страдање и страв.

Износот за паричен надоместок на жртвата за материјалната штета по сите основи не може да надмине износ од 5.000 евра во денарска противредност. Износот за паричен надоместок на жртвата за нематеријална штета по сите основи не може да надмине износ од 5.000 евра во денарска противредност. Понатаму, секој од овие надоместоци е детално разработен во соодветните членови.

**Во членот 17** се уредува правото на надоместокот на реални трошоци за здравствена заштита и медицински помагала согласно прописите за здравствена заштита во Република Северна Македонија, кои на непосредната жртва □ се признаваат доколку не можат да се покријат од нејзиното здравствено осигурување. Во овие закони се утврдени стандардите односно пакетите за овој вид осигурување. Токму затоа, не е можно покривање на трошоците за здравствено осигурување надвор од овие стандарди за некои од пакетите кои не влегуваат во задолжителното здравствено осигурување.

Паричниот надоместок за загубена заработувачка е вториот надоместок и се однесува на изгубената заработувачка, уреден со **членот 18** од предлогот. Имено, непосредната жртва има право на надоместок за изгубена заработувачка која настанала како последица на кривичното дело сторено со насилство, заради што настапила неспособност за работа во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување во Република Македонија. Карактеристично за овој надоместок е дека се исплатува

еднократно во максимален износ до 2000 евра во денарска противвредност, кој го утврдува Комисијата во зависност од конкретните околности.

Следниот надоместок кој е уреден во **членот 19** се однесува на надоместоците на трошоци за погреб. Лицето кое ги платило овие трошоци имаат право да им бидат надоместени, но само вообичаените трошоци за погреб и тоа во износ предвиден со Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Во практиката можно е овие трошоци лицето кое ги платило да ги намири по друг основ согласно закон и во овој случај нема право за наплата согласно одредбите од овој закон.

Правото на надоместок за изгубена издршка е уредено во **членот 20** од предлогот и може да го оствари само посредната жртва која била издржувана од непосредната жртва кај која настапила смрт. Овој надоместок се исплатува во еднократен износ во максимален износ до 5000 евра во денарска противвредност, кој се утврдува според околностите на случајот, земајќи ги предвид најнискиот износ на семејна пензија и очекуваниот период на издршка на лицето. Единствено ограничување за остварување на овој надоместок е издржуваното лице да не може да оствари право на семејна пензија.

Во членот 21 се уредени вкупниот минимален и максимален износ на нематеријална штета која се определеува во зависност од сложеноста на случајот(едноставни, средно сериозни, сериозни, многу сериозни и екстремно сериозни случаи).

Во **членот 22** од предлогот се пропишани критериумите за одредување на висината на надоместокот. Комисијата за секој случај поединечно го утврдува правото на надоместок, особено земајќи ги предвид следните околности:

- однесувањето на непосредната жртва пред, за време и по извршувањето на кривичното дело;
- придонесот на непосредната жртва за настанувањето и обемот на штетата;
- материјалната и финансиската состојба на жртвата; и
- соработката на жртвата со полицијата и јавното обвинителство за откривањето и кривичното гонење на сторителите.

Комисијата донесува упатство за начинот на одмерување на висината на паричниот надоместок.

**Во членот 23** се определени минималниот износ за паричен надоместок на жртвите по сите основи, кој не може да биде помал од 50 евра во денарска противвредност и максималниот износ на паричен надоместок кој не може да го надмине износот од 10.000 евра во денарска противвредност.

таа да биде поголема отколку што инаку би била, има право само на сразмерно намален надоместок.

Во **членот 24** е уредена материјата за пресметување на други надоместоци остварени по некој друг основ согласно друг закон. Тоа, како што веќе беше наведено во некои од претходните членови, ова во најголем дел се однесува на здравствено, пензиско или друг вид осигурување (овде не влегува доброволното осигурување), како и остварување на одредено право согласно друг закон. Притоа, во овие случаи надоместокот што ќе биде утврден согласно одредбите од овој закон се намалува за износот што и припаѓа на жртвата по некои од другите законски основи.

Клучен орган за спроведување на овој закон е **Комисијата за надоместок на жртви од кривично дело со насилство**. Работите поврзани со претседателот и членовите на Комисијата, како и со нејзината работа и надлежности се уредени во **четвртата глава** од предлог законот. Таа е независно тело кое е надлежно да одлучува за правото и висината на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, со својство на правно лице и со седиште во Скопје.

Составот и мандатот на Комисијата е уреден во **членот 27** од предлог законот. Таа е составена од претседател и четири членови кои ги избира Владата. Претседателот и членовите на Комисијата се избираат со мандат од четири години, со право на уште еден повторен избор. Претседателот на Комисијата се избира од редот на судиите со најмалку десет години судиски стаж во Врховниот суд или апелационите судови, по предлог од Врховниот суд, еден член на Комисијата се избира на предлог од јавното обвинителство на Република Северна Македонија од редот на јавните обвинители со најмалку десет години јавнообвинителски стаж во јавното обвинителство на Република Северна Македонија или вишите јавни обвинителства; еден член на Комисијата на предлог од Министерството за труд и социјална политика од редот на вработените со најмалку десет години работен стаж во сферата на заштита на правата на жртвите; еден член на Комисијата на предлог од Министерството за здравство, од редот на лекари специјалисти во областа на психијатрија или трауматологија со најмалку десет години работен стаж со жртви и еден член на Комисијата на предлог од Министерството за труд и социјална политика, од редот на невладини организации кои најмалку пет години работат на заштита на жртви од Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјална заштита што го води Министерството за труд и социјална политика, а предложениот член има најмалку десет години работен

стаж во сферата на заштита на правата на жртвите. Начинот и изборот на членови на Комисијата е опишан во член 28, согласно кој надлежните органи распишуваат оглас и потоа во законски предвиден рок нивните предлози ги доставуваат до Министерството за правда, од каде листата со предложени кандидати се доставува на избор до Владата во законски предвиден рок. При изборот се запазуваат законски пропишаните критериуми и треба да се одразува составот на општеството во целина, да се применуваат принципите за соодветна застапеност на општествените групи, начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество. Административно-техничките работи на Комисијата ги врши секретар назначен од министерот за правда од редот на вработените, кој е дипломиран правник со работен стаж од најмалку пет години во казнено-правна област.
Одредбите од **членот 29** се однесуваат на <u>престанокот на мандат и разрешување на претседателот и членови на Комисијата</u>. Мандатот им престанува пред истекот на времето за кое се избрани во следните случаи: на лично барање, по престанок на функцијата која е основ за нивниот избор, поради смрт или ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата. Исполнувањето на овие услови го утврдува Комисијата со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува иницијатива за престанок на мандатот на претседателот или на член на комисијата до Владата.
Органот што ги предложил, Министерството за правда или Комисијата со мнозинство гласови од вкупниот број членови поради: несовесно и нестручно вршење на работата; злоупотребата на службената положба, и недостоен е за вршење на работите во Комисијата може да поднесе иницијатива за поведување постапка за разрешување на претседател или член на Комисијата и ја доставува на одлучување до Владата на Република Северна Македонија.
Со **членовите 30, 31, 32 и 33** се определени работата и начинот на одлучување на Комисијата. Комисијата одлучува за правото и висината на паричниот надоместок на седници со кои претседава претседателот, со кворум од три члена и со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Работата на Комисијата е јавна, а транспарентноста се обезбедува преку редовно објавување информации на веб страницата на Комисијата, прес-конференции, годишни извештаи за работа и други форми на информирање. Во годишниот извештај за работа што се доставува до Владата со податоци за донесени одлуки за утврдување на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство и за исплатени средства за таа намена се обезбедува заштита на личните податоци на жртвите согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци. Комисијата донесува деловник за својата работа. **Членот 34** е особено значаен од аспект на финасирањето и остварувањето на посебна програма во рамки на Буџетот на Министерството за правда со назив „Паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство". Покрај ова, средства за овие цели се обезбедуваат и од извори од донации и проекти.
Правото и висината на месечен надоместок(во износ од една третина од просечна бруто плата исплатена претходниот месец на ниво на Република Сверна Македонија) за претседателот и членовите на Комисијата е утврдено во **член 35** од законот. Секретарот на Комисијата е од редовите на Министерството за правда и има право на месечен надоместок во износ од една четвртина од од просечната бруто плата исплатена претходниот месец на ниво на државата.

Во **петтата глава** се одредбите од законот кои се однесуваат на жртвата во делот на нејзино информирање и поучување. Имплементацијата на законот ќе зависи токму од практичната примена на одредбата **од членот 36** со кое се определува должност за органите(полицијата, јавното обвинителство, судовите и центрите за социјална работа, невладините организации на лицето кое има право на надоместок, без одлагање, да му ги дадат сите потребни информации за правото на надоместок и за надлежнот орган каде треба да се оствари правото. Овие органи можат информациите да ги даваат по устен пат на јазикот што жртвата го разбира, во писмена форма на македонски јазик и негово кирилско писмо, на друг службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо или на англиски јазик, за тие што не ги познаваат овие наведени јазици. Наведените надлежни органи се должни на лицето кое има право на надоместок да му ги дадат сите потребни обрасци, општи упатства и информации како да се пополни барањето и за потребната документација. За подобро информирање, Комисијата ќе изготви информативен материјал на службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо и на англиски јазик за правата за паричен надоместок, условите и постапката за остварување на ова право и ќе ги достави до органите кои треба да го спроведуваат информирањето на жртвите. Овие информативни материјали, на нивно барање, може да се достават и до здруженијата на граѓани и други правни лица кои стапуваат во контакт со жртви од кривично дело со насилство.

Обрасците од овој закон и информациите содржани во информативниот материјал се објавени на веб страницата на Комисијата.

Постапката за остварување на правото на надоместок на штета е уредена во посебна **Глава VI** од **член 37 до член 50** од законот. Се покренува со поднесување на барање од страна на жртвата, родителот/старателот до Комисијата на образец пропишан од министерот за правда, на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на друг службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо или на англиски јазик во рок од три години од денот кога е извршено кривичното дело кое се наведува во барањето. Во **член 39** се наведени и исклучоците за рок за поднесување на барањето(шест месеци од денот кога престанале причините за неможност за поднесување на барањето, односно најдоцна пет години од денот на извршувањето на кривичното дело). Кај жртви деца или лица со ограничена или лишена деловна способност кога родителот не поднел барање, рокот започнува да тече три години откако детето наполнило 18 години или од денот кога по настапување на полнолетство на жртвата е пријавено извршувањето на кривично дело или од денот кога на лицето му е вратена деловната способност. Со **членот 40** е опишана содржината на барањето, а со **член 41** потребните исправи како прилог на барањето. По потреба Комисијата ќе го повика подносителот на барањето во рок од 30 дена да го дополни барањето со докази за кои е потребна донесување на одлука. Во **членот 42** се определува дека Комисијата по приемот на барањето со потребните исправи до подносителот на барањето издава потврда за прием на барање, контакт лице надлежно за постапување и рокот до кога ќе се донесе одлуката. Исто така се определува и должноста на надлежните органи во рок од 7 дена без надоместок да ги достават бараните податоци од важност за донесување на одлука до Комисијата. За утврдување на фактичката состојба комисијата изведува докази за што се составува записник или службена белешка. Со **членовите 44 и 45** се уредува одлучувањето и одлуките на Комисијата. Комисијата по барањето за паричен надоместок одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови во рок од 60 дена од денот на приемот на целосното барање, со исклучок определен во член 44 став 3 од предлог законот. Видот на одлуките на комисијата се определени **во член 45**, а содржината на решението е опишана во **член 46** од законот. Во однос на доставата важат одредбите од **член 47 од предлог законот**, со напомена дека едно решение се доставува и до државното правобранителство заради остварување на правото на регрес. Судската заштита е обезбедена **со членот 48** од законот, со право на тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Комисијата, врз основа на конечното решение, извршува исплата во рок од 30 дена од денот на доставување на решението на сметка на жртвата односно барателот, врз основа на член 49 од овој закон. Во оваа постапка согласно член 50 од предлогот не се плаќаат административни такси, а трошоците за превод и за вештачење се од средствата за работа на Комисијата.

Правото на регрес е право уредено во **седмата глава со членовите 51, 52 и 53 од законот.** Со исплата на надомесокот на жртвата, на родителот, на посвоителот или на старателот, правото на жртвата спрема извршителот на кривичното дело до износот на исплатениот надоместок преминува на државата Република Северна Македонија. Рокот за застареност за државата почнува да тече од денот кога надлежното државно правобранителство е известено за исплата на надоместокот на жртвата. Во **членот 52** од законот е уредена можноста за враќање на неосновано стекнат надомест. Имено, законот предвидува дека државата има право да бара враќање на износот на исплатениот надоместок во согласност и трошоците на постапката доколку правото е остварено врз основа на лажни податоци или жртвата односно родителот, посвоителот или старателот пропуштиле да го известат надлежниот орган за фактите кои влијаат за остварување на правата, или доколку судот со правосилна одлука утврди дека нема елементи на кривично дело. Барањето за враќање на износот го поднесува надлежниот државен правобранител, а по него одлучува Комисијата. Следниот, **член 53 од законот** го уредува правото на регрес спрема жртвата. Имено, пропишано е дека барањето на жртвата, родителот, посвоителот или старателот ќе се одбие кога со надоместок од извршителот на кривичното дело во целост е намирена штетата. Ставот 2 од овој член предвидува дека доколку постапката пред Комисијата завршила, а исплатата не е извршена, Комисијата донесува одлука да не се исплати надоместок на жртвата, родителот, посвоителот или старателот доколку со надоместок од извршителот на кривичното дело во целост е намирена штетата. Кога државата ќе исплати надоместок на жртвата, односно кога лицето кое се издржува ќе оствари целосен или делумен надоместок од извршителот на кривичното дело, државата има право на регрес од жртвата, родителот, посвоителот односно старателот до износот кој што е исплатен.

Во **Главата VIII** од законот е уредена постапката по прекугранични предмети. Имено, одредбите од член 54, 55 и 56 се дефинирани согласно документите на Европската унија. Имено, како прекугранични предмети се дефинирани домашните и странските прекугранични предмети.

**Деветтата глава** и одредбите од **членовите 57 и 58** се однесуваат на водење и содржина на евиденцијата и чување и анонимизација на податоците, согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

**Десетата глава** се однесува на преодни и завршни одредби од законот, која се содржи од член 59 со кој се определува рок и начин за прв избор на претседател и членови на Комисијата, член 60 во кој се определува рок за донесување на подзаконските акти (30 дена од денот на влегување во сила на законот, односно 30 дена од конститутивна седница на Комсијата), член 61 во кој правото на надоместок се овозможува за во иднина, односно за жртви на кривични дела извршени по денот на отпочнување на примена на законот; членот 62 за одредбите за одложена примена со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Евроспката унија; одредбата од член 63 со која престануваат да важат членовите 145 став 4 алинејата 2, 151 и 152 од Законот за правда на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/2013) и член 64 со кој се предвидува дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен весник на Република Северна Македонија, со одложена примена по истек на шест месеци од денот на влегување во сила на законот.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Со примената на овој закон престануваат да важат членовите 145 став 4 алинеја 2 , 151 и 152 од Законот за правда на децата(Службен весник на Република Северна Македонија бр.148/2013)

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Подзаконските акти ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Министерот за правда во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на законот донесува правилник за образецот на барањето за паричен надоместок.

Комисијата во рок од 30 дена од конститутивната седница донесува Деловник за работа и упатство за начинот на одмерување на висината на паричен надоместок.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за законот

Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Врховен суд на Република Северна Македонија, јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Центри за социјална работа, Комисија за надоместок на жртви од кривично дело со насилство

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Формирање на Комисија за надоместок на жртви од кривично дело со насилство и донесување на статут и деловник за работа од страна на Комисијата и обезбедување на услови за нејзино функционирање. Активна и транспарентна работа на Комисијата согласно прописите за заштита на лични податоци.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Во однос на искуствата за воспоставување на систем за надоместок на жртвите, се очекува првите години да има послаб одзив, односно помал број на предмети со жртви кои ќе добијат надоместок. Оттука, преку годишните извештаи може да се следи начинот на примена на законот, а евалуацијата ќе се спроведува од страна на Комисијата.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуација на ефектите од предлог законот ќе биде можна после пет години од денот на отпочнување на примената на законот.

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 25. 11. 2019

..............................................
**потпис на министерот**